**Република Северна Македонија**
**Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore**

# Предлог -

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

**Скопје, 2024**

# Содржина


I. Вовед ... 4

II. СОГЛЕДБИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ... 7

III. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ... 12

1. Статистички податоци релевантни за политиките на високото образование ... 12

1.1. Квантитативни податоци за наставно-научниот и соработничкиот кадар ... 12

1.2. Релевантни демографски трендови ... 14

1.3. Статистики во однос на високообразовни установи и студенти ... 15

2. Стратешка и законска рамка ... 20

2.1. Домашна правна рамка ... 20

2.2. Европска правна рамка ... 22

3. Автономија ... 23

3.1. Финансиска автономија ... 23

3.2. Кадровска автономија ... 23

3.2.1. Наставен и соработнички кадар ... 24

3.2.2. Ненаставен кадар ... 24

4. Обезбедување квалитет ... 25

4.1. Квалитет на кадарот ... 26

4.2. Квалитет на наставата ... 27

4.3. Квалитет на стекнато знаење ... 28

4.4. Критериуми за акредитација ... 28

4.5. Критериуми за евалуација ... 29

5. Студенти ... 30

5.1. Студентско организирање ... 30

5.2. Студентски стандард ... 30

5.3. Субвенциониран студентски оброк и стипендии ... 32

5.4. Студентска мобилност ... 33

6. Меѓународна соработка ... 33

6.1. Финансиска поддршка ... 33

6.2. Зголемена академска мобилност ... 33

6.3. Ресурси за проектни активности ... 34

6.4. Учество во мрежи и асоцијации ..... 34
6.5. Билатерална активности ..... 34
7. Финансирање ..... 35
7.1. Тековен начин на финансирање ..... 35
7.2. Како до нов модел за финансирање на високото образование? ..... 37
IV. SWOT АНАЛИЗА (СОГЛЕДУВАЊЕ НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ, МОЖНОСТИ И РИЗИЦИ) 38
V. ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА ..... 41
1. Подигање на квалитетот на високото образование ..... 41
1.1. Организациско редефинирање и воведување на категоријата „работна позиција“ ... 42
1.2. Формирање на научни групи ..... 43
1.3. Критериуми за регрутирање и унапредување на академскиот кадар ..... 43
1.4. Критериуми за избор на раководен академски кадар ..... 44
1.5. Наставни програми ..... 45
2. Зголемување на квалитетот во процесот на акредитација ..... 45
3. Ефективност на Одборот за евалуација ..... 46
4. Унапредување на активностите на европско ниво со цел подобрување на квалитетот на високото образование ..... 47
5. Академска слобода и автономија ..... 47
6. Унапредување на правната рамка ..... 48
7. Обединување на академскиот простор ..... 49
8. Меѓународна соработка, мобилност и афирмација на меѓународен план ..... 49
8.1. Капацитет за прифаќање и процесирање на средства од меѓународни проекти и други институции (индустрија, фондации) ..... 50
9. Интернационализација на академскиот простор ..... 51
10. Апликативна дејност ..... 51
11. Студентско организирање и студентски стандард ..... 52
АНЕКС 1 – ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ..... 53
РЕЛЕВАНТНИ ИЗВОРИ И ЛИНКОВИ ..... 64
ТАБЕЛА НА ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ ВО РСМ ..... 66

# I. Вовед

Системот на високото образование во Република Северна Македонија (РСМ) функционира врз основа на принципите на Болоњскиот процес. Овој систем, од една страна, има за цел унапредување на вработливоста на европско тло, а од друга страна треба да овозможи меѓународна конкурентност на Европскиот систем на високо образование. Нашата држава пристапи кон Болоњскиот процес во 2003 година, иако уште во Законот за високото образование од 2000 година е дефинирано значењето на европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).[1] Во изминатите две декади системот на високото образование е во голема мера усогласен со Болоњскиот процес во сите три циклуси на студирање. Според најновиот извештај на Европската Унија (ЕУ) во однос на имплементацијата на Болоњскиот процес, се констатира широка прифатеност на троциклусен систем на високо образование и кохерентна употреба на ЕКТС, додатокот на диплома и Националната рамка на квалификации. Стремежите на европското високо образование се насочени кон обезбедувањето квалитет со почитување на фундаменталните вредности: академска слобода, академски интегритет, институционална автономија, учество на студентите и кадарот и јавна одговорност за и од високото образование.[2] Исто така, се укажува на потребата од поголема стратешка определба во речиси сите образовни системи за решавање на социјалната димензија на високото образование.[3]

Постојниот систем на високо образование во нашата држава се одвива согласно стратешките определби содржани во Националната стратегијата за образование,[4] а материјата е поблиску регулирана со Законот за високото образование (ЗВО).[5] Според оцената на Европската комисија во однос на Поглавјето 26: Образование и култура, се констатира дека нашата држава е умерено подготвена во областа на образованието и културата. Ограничен напредок е воочен во однос на усвојувањето и воведувањето на насоки и програми за зајакнување на инклузивноста и промовирање на „зелените“

---

[1] Закон за високо образование, Службен весник на РМ, бр. 64/2000. "Кредит систем" е заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем која овозможува: опис на обврските на студентот; валоризација на завршениот обем на студии; одмерување и споредба на достигањата од учењето и нивен пренос од една на друга високообразовна установа. Притоа, кредитот го одразува квантитетот на работата што се бара од студентот за да се заврши академска година на студии (вклучително предавања, практична работа, семинари, вежби, индивидуална работа, испитување и друго).

[2] European Commission / EACEA / Eurydice, 2024. The European Higher Education Area in 2024: Bologna Process Implementation Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.

[3] Principles and Guidelines to Strengthen the Social Dimension of Higher Education in the EHEA, Annex II of the Rome Ministerial Communiqué, 19 November 2020.

[4] Стратегија за образование на РСМ за периодот 2018-2025 година.

[5] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24

вештини. Имплементацијата на Стратегијата за образование 2018-2025 е оценета како бавна, а се констатира и дека нема соодветен развиен систем за мониторинг на остварувањето на стратешките определби.[6]

Во РСМ заклучно со 1.06.2024 година мрежата на високообразовни установи (ВОУ) ја сочинуват вкупно 32 установи и тоа: 6 државни универзитети, еден приватно-јавен универзитет и 25 приватни универзитети и високи стручни школи.

Во институционална смисла обезбедување, оценување, развој и унапредување на високото образование се остварува преку активностите на неколку тела и органи. Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност (НСВОНИД) се формира заради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност и како самостоен стручен орган со седиште во Скопје за првпат беше конституиран на 10.06.2021 година.[7] Националниот совет успеа да ги донесе сите подзаконски акти што влегуваат во негова надлежност и со тоа да придонесе за заокружување на правната рамка, при што придонесот го даде и во однос на предложените уредби што ги донесе Владата на РСМ: Уредбата за со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање,[8] и особено со Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната Фраскатиева класификација.[9]

Особено е значајна улогата на Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) како самостоен стручен орган со седиште во Скопје, која е запишана во Централниот регистар на РСМ на 16.01.2020 година.[10] АКВО е придружна членка во Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Во рамките на Агенцијата функционираат Одборот за акредитација (ОА),[11] и Одборот за евалуација (ОЕ),[12] коишто во мај 2024 година се конституираа со нов персонален состав. Во претходниот период се забележуваше интензивен процес на акредитација без вклучување на надвореши рецензенти во стручните комисии и целосна инертност на претходниот состав на Одборот за евалуација којшто не спроведе ниту една евалуација. Од квалитативниот пристап во работата на овие тела и без прифаќање на принципот дека без евалуација не може да дојде до реакредитација, ниту е можна реформа во високото образовние и рационализација на мрежата на

[6] North Macedonia 2023 Report, SWD(2023) 693 final, Brussels, 8.11.2023
[7] https://www.nacionalensovetzavoinid.com.mk/
[8] Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 61/22 и 156/23
[9] Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 91/2024
[10] https://www.akvo.mk/
[11] https://www.akvo.mk/board-acreditation.php
[12] https://www.akvo.mk/board-evaluation.php

високообразовни установи, ниту остварување на потребните стандарди за квалитет во целокупното високо образование.

Голем придонес во однос на усогласување на прашањата од заедничко значење на универзитетите се остварува преку Интеруниверзитетската конференција, како јавно правно тело со права и обврски определени со Законот за високото образование чиешто работење е регулирано со Статут.[13]

Ставајќи го образованието во функција на обезбедување човечки капитал, се забележува тренд на зголемување на високообразовните квалификации. Меѓутоа, јасно се воочува дека наставните програми не се соодветно прилагодени за дипломираните студенти да стекнат потребни вештини за да одговараат на пазарот на побарувачка на работна сила. Во еден дел, недоволниот напредок во реформирање на наставните програми и намалување на неусогласеноста на вештините со потребите на пазарот на труд, е резултат на недостигот на финансиска поддршка, но и недоволна координација меѓу образовниот и економскиот сектор. Во 2022 година, јавната потрошувачка за образование и обука изнесувала 3,7% од БДП, што е приближно на просекот во државата од претходните 5 години, но е под нивото на ЕУ (5%).[14] И покрај недоволната финансиска поддршка, за поздравување е фактот што во високото образование во 2022 година биле доделени 135 стипендии за студенти Роми.

Улогата на образованието треба да се гледа во поширок макроекономски контекст за да се осигура дека образованието придонесува за раст на економијата и дека како силен човечки капитал претставува одредница за намалување на сиромаштијата, охрабрување на луѓето кон заработка и инвестиции и создавање конкурентна средина за подобрување на економскиот раст. Развојот и напредокот на една земја во глобалната економија зависи од создавањето на високо квалификувани луѓе со способност за пристап, прилагодување и создавање на нови знаења и технологии и во овој контекст образованието игра клучна улога во подготовката за влез на пазарот на труд преку обезбедување на соодветни знаења и вештини низ процесот на доживотното учење.[15]

На меѓународен план нашата држава е вклучена во меѓународни проценки на образовниот систем (TALIS 2022, PISA 2022), а учествува и во работните групи на Европската образовна област (European Education Area -EEA) 2021 - 2025 година. Националната агенција за Еразмус има организирано и поддржано повеќе од 100

---

13 https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/ikrsm/STATUT%20na%20IKRSM-precisten-12-2021.pdf

14 North Macedonia 2023 Report, SWD(2023) 693 final, Brussels, 8.11.2023

15 M.Cvetanovska, P.Trpeski, Higher Education and Economic Growth in North Macedonia: Evidence from Causality Testing and Covid-19 Challenges, https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/9704/1/EBTSF-20_paper_36.pdf

активности при што бројот на учесници во финансираните проекти за младинска размена изнесувал 465 во 2022 година, што е значително зголемување во споредба со 294 размени во 2020 година. РСМ активно учествува во Еразмус+ и Европскиот корпус за солидарност (European Solidarity Corps) при што еден универзитет има добиено и соодветен проект.[16] Забележително е и учеството во програмата Хоризонт Европа (Horizon Europe), при што до 1 септември 2024 година биле одобрени 58 проектни учества со вкупно финансирање од 10,6 милиони евра, со стапка на успешност од 13,31%. Во рамки на претходната програма Horizon 2020, во периодот од 2014 до 2020 година, искористени се 14,41 милиони евра со учество во 123 проекти, со стапка на успешност од 10,54%.[17]

## II. СОГЛЕДБИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Високото образование е еден од најголемите цивилизациски дострели на човештвото денес. Неговата основна мисија е активно да придонесе за развој на општеството преку создавање на човечки капитал на високостручни, креативни, слободоумни, критички ориентирани високообразовани луѓе, визионери и лидери, кои треба да бидат главен двигател на развој на општеството во целина. Под поимот „општествен развој", покрај економски и технолошки развој кој води до подобар материјален комодитет, се подразбираат и многу пошироки хуманистички дострели, поврзани со општиот интелектуален и духовен напредок, стремеж кон слобода и демократија, стремеж кон индивидуална и национална афирмација и дигнитет, развој на колективен дух и припадност кон него, потрага по смислата на човечката егзистенција, како едни од основните предуслови за добробит на човекот и нацијата.

Имајќи ги предвид демографските состојби во земјата и тенденциите за нејзино напуштање, што е особено изразено кај младата генерација, јасно е дека од осамостојувањето на Македонија до денес, целите на високото образование, најблаго речено, се само делумно постигнати. Причините се многуслојни и сложени, а корените се во целокупната состојба на општеството и далеку ги надминуваат рамките на високото образование. Сепак, овој извештај треба да расветли некои аспекти во врска со состојбата на високото образование и да предложи идеи за подобрување.

Со унапредување на системот на високото образование тоа треба да се приближи до концептот на „општество засновано врз знаења" каде што моделот на високото образование, научноистражувачка и иновациска дејност имаат широки политички, економски, социјални и други општествени импликации, но едновремено се

[16] North Macedonia 2023 Report, SWD(2023) 693 final, Brussels, 8.11.2023
[17] Horizon Europe dashboard, https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/ opportunities/portal/screen/opportunities/horizon-dashboard

фокусирани на битието чијашто внатрешна кохезија е создадена околу стожерната позиција на автономниот поединец и гравитира под дејство на центрипеталната сила на неговата творечка енергија, од една страна, и центрифугалната сила на неговата потреба од знаења и користење на придобивките на научно-технолошкиот развој.[18]

Во општествено-политичка смисла, од осамостојувањето на Македонија досега, високото образование е сериозно маргинализирано, оставено на хаотичен, неконтролиран развој и е користено главно како алатка за исполнување на политики цели и фрустрации низ кој минува општество, кое иако мало според популација, има исклучителна сложеност во етничка, религиозна, културолошка и идеолошка смисла. Скоро ниту една промена низ која минало високото образование во изминативе децении не придонела за суштинско исполнување на темелните постулати наведени на почетокот на овој вовед.

Социјално маргинализирано, финансиски зависно од политичката волја, трансформирано со површни и многубројни *ad hoc* решенија, под плаштот на привидната академска автономија, високото образование е оставено самото да се бори за својата егзистенција. Во новата идеолошка матрица на пазарна економија во која македонското општество беше втурнато заради големите геополитички промени на крајот на осумдесеттите и почеток на деведесеттите години на минатиот век, бидувајќи притоа целосно неспремно и неволно за големите тектонски глобални општествени збиднувања, се создаде погрешен привид дека високото образование е навидум „обична пазарна категорија“, како впрочем и сè останато, која може лесно да ги распродава своите „нематеријални продукти“, и оттука да егзистира и по можност да профитира. Затоа високото образование доживеа неразумна и енормна експанзија, за која тешко може да се најде споредлив пример во друга земја, и само од два универзитети на почетокот на деведесеттите години на минатиот век, сега во Македонија има вкупно триесет и две високообразовни установи.  Во услови на ваква бесмислена конкуренција во земја со толку мала популација, сосема е очекувано да дојде до драстичен пад на квалитетот на високото образование за кој сите сведочиме, без особена потреба од експертска анализа за докажување на оваа теза. Во целина, се работи за опасен општествен феномен со далекусежни негативни последици за иднината на државата.

За да се опстане во условите на „академскиот пазар“, правната рамка на високото образование во изминативе децении, под лажниот привид за воведување на демократски и конкурентски услови, ги овозможи сите форми на хибридност на високото образование, во смисла на негово финансирање, организирање, интегрираност, централизираност, избор и унапредување на раководен и академски

[18] В.Камбовски, Диспут за науката и високото образование во Република Македонија во 21 век, https://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2024/02/Kambovski-DUSPUT.pdf

кадар, погрешно разбирање, примена и злоупотреба на акдемската слобода итн. Резултатот на тое е општ неквалитет, драстична фрагментираност на академскиот простор, провинцијален академски дух, огромни разлики во академското и инетелектуално ниво меѓу различните универзитети, како и меѓу различни факултети во рамките на ист универзитет, отсуство на проток на информации и размена на знаење меѓу различните академски институции и оневозможен слободен проток на студенти и академски кадар меѓу различните актери на академската сцена. Севкупно, и покрај формалната усогласенсот со Болоњскиот процес, се работи за погубна академска разединетост, која е присутна дури и во рамките на една академска институција, на пример еден универзитет, во кој различните факултети втурнати се во непримерна конкуренција, наместо да бидат во синергетска, интердисциплинарна соработка. Оваа суштинска, внатрешна противречност и неконзистентност во рамките на некои универзитети, создава внатрешни организациски напрегања кои ја загорзуваат опстојбата и унитарноста на универзитетите.

Во борбата за опстанок и профит, оптоварени со сопствените фрустрации и противречности, универзитетите нудат едукативна дејност задари сопствени цели, која во најголем дел не кореспондира ниту со потребите на економскиот сектор ниту со новото време, ниту пак е во согласност со потребите на пазарот на трудот. Постои огромен, скоро непознат број на понудени наставни програми, иако се знае дека тоа е далеку над можностите за нивна минимална имплементација.

Високите хуманистички и просветителски стремежи на универзитетите може да се постигнат само низ нераздвојна испреплетеност на образованието и науката, во која универзитетите се центри на научно-истражувачка, уметничка, иновациска и други облици на креативна работа. Научноистражувачката работа, како највисока форма на креативна човечка дејност е уникатна особина на високото образование, и без неа, тоа ја губи сопствената смисла. Самиот факт што правната рамка преку која се артикулира овој извештај го раздвојува високото образование од научно-истражувачката дејност, јасно зборува за ниското ниво на колективна општествена свест која тешко сфаќа дека виското образование и научната работа се само два аспекти на една иста појава.

Суштествена научноистражувачка работа се изведува само на неколку државни универзитети и таа скоро целосно отсуствува кај останатите актери на академската сцена. Но, и онаму кадешто таа воопшто скромно егзистира, научната работа е резултат на смопрегор, ентузијазам, особена интелектуална надареност и меѓународна вмреженост на поединци, а не е резултат на системски решенија или на значителни стимулативни мерки во рамките на универзитетите.

Во дискурсот на јавната дебата во самата академска и поширока општествена заедница, дури во последниве години започна да се дискутира за улогата и важноста на

научно-истражувачката работа. До скоро, во политичката заедница, без оглед на нејзината идеолошка провиниенција, научно-истражувачката работа се сметаше за непотребен трошок, односно за скоро невозможна дејност кај нас. Оттука, таа скоро воопшто не се финансира во нашата земја, а пак изразено преку процентот на издвојување на буџетски средства срамно не позиционира скоро на последно место во Европа и пошироко.

Од друга страна, целосно е очигледно дека инвестирањето во иднината е инвестирање пред сѐ во квалитетно образование, при што без човечки капитал не може да се очекува економски раст; оттука, загрижува фактот што само 0.37% од БДП се издвојува за високо образование. Образованието не треба да се сфаќа како пазарна категорија, ниту смее науката да биде комерцијализирана. Образованието и науката се предуслови за економски просперитет и наместо на образованието да се гледа како на јавна потрошувачка, тоа мора да се сфати како продуктивна капитална инвестиција, како вложување коешто ќе обезбеди човечки капитал што ќе придонесе за поголем економскиот раст и развој на земјата.

Покрај очигледните недостатоци, академска заедница срамежливо дискутира за научно-истражувачката дејност, при што не наоѓа консензус за голем број прашања во врска со неа, како на пример носење на јасни сопствени критериуми за евалуирањето на научните постигања и нивно инкорпорирање во матрицата за академско унапредување или избор на раководен кадар. Впрочем, ова е само дел од сеопштиот низок квалитет на академската дебата и отсуство на самокритичност и самосвест на академската заедница за нејзината одговорна општествена улога и „света“ задача која треба да ја исполни. Психолошката оправданост на овој вид ретроградно однесување наоѓа своја потпора во нискиот социјален сатус на академскиот кадар (ниски плати), кој лекот за своите социјални фрустрации го најде во злоупотреба на академската слобода, наместо во барање подобри услови за работа. Интересно е да се забележи дека скорешното значајно зголемување на примањата на академскиот кадар на државните универзитети, донесен *ad hoc*, без најава и јавна дебата, во нејасни општествено-политички околности, иако посакувано и добредојдено, јасно открива еден груб и самоволен, скоро племенско-политички пристап во носење на суштествени одлуки. Севкупно, комбинацијата на политичка неодговорност со инфантилното и инертно академско однесување, придонесе кон општата заостанатост на македонското општество кое во моментов е прицврстено на самото дно во споредба со останатите земји од Европа, но за жал, дури и во рамките на балканскиот простор.

Модерниот пристап на управување со општествените работи го префрла фокусот од државата-регулатор и контролор на „државата супервизор“ или

„евалуативна држава“, односно од „интервенционистичка“ кон „поддржувачка“ држава.[19]

Во овој општ воведен осврт за состојбата на високото образование не може да не се споменат бирократските аспекти на високото образование.

Иако пропорционалниот однос на административен и академски кадар во Македонија е скоро највисок во споредба со останатите европски земји, административната работа во универзитетите и факултетите се претвора во бирократски монструм кој ја гуши суштинската академска дејност. Огромната пренормираност, во комбинација со фискалните понижувачки стеги на трезорското работење во кое универзитетите се изедначени со сите останати буџетски корисници, здушно ја црпи креативната енергија на академскиот кадар и активно придонесува кон општиот неквалитет. Бирократскиот апарат, имајќи в раце бескраен број норми и правила, ја парализира суштинската академска работа. Тоа јасно се гледа од фактот што сите административни активности неопходни за одвивање на научно-истражувачка, иновациска или апликативна работа се доживуваат како непотребен товар и вишок на работни задачи, надвор од основната и навидум „единствена“ образовна дејност на универзитетите.

Универзитетите покрај што немаат финансиска поддршка за напредна академска работа од сопствената држава, тие со особена тешкотија користат странски донации и администрираат меѓународни проекти со сериозна финансиска поддршка. Резултат на оваа погубна состојба е имплицитно дестимулирање на академскиот кадар за вклучување во меѓународна проектна активност, без оглед на декларативно спротивните ставови на универзитетите. Од друга страна, психолошката тежина на колективите бирократски фрустрации несвесно се манифестираат преку предаторски однос на акдемските институции кон главниот актер на академската сцена, односно студентот кој е административно и финансиски преоптоварен. Во редовните анкети на студентите во врска со нивниот општ впечаток за тежината на нивното студирање, скоро редовно се истакнува дека еден од најлошите аспекти е административното работење на факултетите.

Општиот впечаток е дека македонското општество ја пропушти шансата за суштествена академска реформа која мораше да се случи уште во текот на деведесеттите години на минатиот век, сообразно на тогашните глобални општествено-политички промени. Тоа корелира со општата заостанатост и спориот развој на македонската држава. Денес, соочени сме со нови глобални геополитички и технолошки поместувања, кои повеќе може да се разберат како закани, отколку како промени. Оттука, се чини дека

---

[19] В.Камбовски, оп.цит., стр. 38.

потребата од суштинската и длабока реформа на академската сфера има егзистенцијален карактер за државата.

Во овој контекст, во време на интензивен техничко-технолошки развој, дигитализација во сите сфери на живеењето, влијанието на вештачката интелигенција врз образованието, едукацијата, вештините и пазарот на трудот, промените во глобалната економија, а земајќи ги предвид и демографските карактеристики на населението во нашата држава, процесот на стареење на нацијата и особено миграциските движења со нагласена емиграција на работоспособно население и одлив на готов академски образован кадар во странство, вистински предизвик е да се програмираат мерки и активности коишто треба да доведат до унапредување на квалитетот, конкурентноста и атрактивноста на високото образование и научно истражувачката дејност.

# III. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Статистички податоци релевантни за политиките на високото образование

### 1.1. Квантитативни податоци за наставно-научниот и соработничкиот кадар

Според Државниот завод за статистика бројот на наставници и соработници во државните високообразовни установи во академската 2023/2024 година изнесува 4 656. Од вкупниот број наставници и соработници, 3 264 или 70,1% се наставници и 1 392, т.е. 29,9% се соработници во наставата, а бројот на жени наставнички и соработнички во учебната 2023/2024 година изнесува 2 361 или 50,7%.

На следниот графикон е претставен бројот на наставници и соработници на државните универзитети и на единствениот приватно-јавен Универзитет ЈИЕ Тетово во периодот 2018-2024 година.

**Графикон бр. 1:** Наставници и соработници на државните универзитети и на ЈИЕ




*Извор: Државен завод за статистика*

Во табелата подолу е прикажана распределбата по наставно-научни звања на државните универзитети за учебната 2023/24 година. На државниот универзитет во Тетово (ДУТ) и на Универзитетот „Мајка Тереза“ (УМТ) бројот на наставници и соработници е речиси идентичен, на Универзитетот „Гоце Делчев“ (УГД) веќе постои воочлива разлика, додека на другите универзитети постои поголема разлика помеѓу наставничкиот и соработничкиот кадар.

**Табела бр. 1:** Наставници и соработници на ВОИ во РСМ во учебната 2023/24 година според наставно-научните звања и полот

| Наставно-научно звање | Вкупно | | | Доктори на науки | Магистри | Специјалисти | Високо образование |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сé | жени | мажи | | | | |
| Вкупно | 4656 | 2361 | 2295 | 3176 | 1011 | 181 | 288 |
| Наставници | 3246 | 1603 | 1661 | 3041 | 222 | 0 | 1 |
| Редовен професор | 1599 | 726 | 873 | 1511 | 87 | 0 | 1 |
| Вонреден професор | 834 | 418 | 416 | 792 | 42 | 0 | 0 |
| Доцент | 742 | 407 | 335 | 691 | 51 | 0 | 0 |
| Виш предавач на ВОУ | 16 | 4 | 12 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| Професор на ВСШ | 16 | 14 | 2 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| Предавач на ВСШ | 36 | 19 | 17 | 10 | 26 | 0 | 0 |
| Соработници | 1392 | 758 | 634 | 135 | 789 | 181 | 287 |
| Асистент | 805 | 446 | 359 | 70 | 473 | 162 | 100 |
| Помлад асистент | 9 | 4 | 5 | 2 | 0 | 0 | 7 |
| Лектор | 34 | 30 | 4 | 3 | 30 | 0 | 1 |
| Стручен соработник | 132 | 63 | 69 | 12 | 55 | 19 | 46 |
| Соработник | 204 | 107 | 101 | 38 | 139 | 0 | 31 |
| Други звања | 399 | 176 | 223 | 58 | 183 | 0 | 58 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## 1.2. Релевантни демографски трендови

Образовните политики и политиките поврзани со развој на науката мора како појдовна основа да ги имаат тенденциите поврзани со демографските движења на населението во нашата држава. Овие  тенденции треба да се сфатат како патоказ за креирање мерки и активности  и правилно програмирање на цели и перспективи.

*Вкупно население*. Според проценка на населението со состојба на 31.12.2022 година, во Република Северна Македонија има 1 829 954 жители, што е за 232 340 лица или за 11,3 % помалку во однос на проценката на населението во 2012 година, кога имало вкупно 2 062 294 жители односно за 245 347 лица или 11,8 % помалку во однос на 2017 година кога имало 2 075 301 жител.[20]

*Старосна структура*. Во однос на старосната структура, македонското население сѐ повеќе старее, па во периодот од 2012 до 2022 година, учеството на старото население (старосна група 65 и повеќе години) е зголемено за повеќе од 6 процентни поени, од 11,9 % на 17,7 %.[21]

*Природен прираст*. Податоците покажуваат дека природниот прираст има значителен пад почнувајќи  од 2019 година, а она што особено загрижува е што највисокиот природен прираст бил во 2010 година (2,5%), за да прирастот биде дури -5,4% во 2021 година, што е пад за 8 процентни поени.

**Графикон бр. 2**: Природен прираст во 2005-2022 година




*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

[20] Северна Македонија во бројки, 2023, Државен завод за статистика, https://www.stat.gov.mk/publikacii/ 2023/ Makedonijavobrojki2023MKweb.pdf
[21] Северна Македонија во бројки, 2023 година, https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/Makedonijavobrojki2023MKweb.pdf

*Запишани ученици*. Бројот на запишани ученици во основно образование во учебната 2023/24 година е помал за 8,7% во споредба со 2009/10 година, додека бројот ученици во средното образование, во учебната 2023/24 година, во споредба со 2009/10 година, е намален за 29,4 % или за 28 065 средношколци.

**Графикон бр. 3**: Вкупен број на ученици во основни и средни училишта




*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

*Отселени граѓани*. Најголемата група иселеници се оние со средно образование, по кои следува групата со високо образование (вклучително и тие со магистерски дипломи) кои сочинуваат 9,8% од иселениците во 2016 година (10,7% во 2014, 11,2% во 2013 и 9,0% во 2012).[22] Околу 100 000 граѓани, кои во 2002 година биле на возраст од 15 до 29 години, а денес имаат 37 до 51 години, не живеат во државата.[23]

## 1.3. Статистики во однос на високообразовни установи и студенти

Заклучно со 1.06.2024 година, во РСМ активни се 6 државни универзитети, еден јавно-приватен универзитет и 25 приватни универзитети и високи стручни школи. Се очекува една новоформирана високо стручна школа да запише за првпат студенти во учебната 2024/25 година, па произлегува дека во учебната 2024/25 година ќе има вкупно 33 високообразовни установи во нашата држава.

---

[22] Стратегија за образование на РСМ за периодот 2018-2025 година.
[23] Државен завод за статистика на РСМ, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi___Popis2021__NaselenieVkupno__PodatociNaselenie

*Запишани студенти*

Од 2008 година бројот на запишани студенти постојано се намалува и тоа е тенденција што се очекува и да продолжи особено ако се земат предвид демографските движења, миграционите движења, одливот на академски кадар како и продолжувањето на трендот за стекнување повисоки степени на образование во странство.

**Графикон бр. 4:** Број на запишани студенти на државните и на приватните високообразовни установи




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Во академската 2023/2024 година се запишале вкупно 52 316 студенти, што претставува намалување за 2.8 % во однос на академската 2022/2023 година кога се запишале 53 821 студент. Најголем број студенти (77.9 %) се запишале на државните високообразовни установи, додека 22.1 % се запишале на приватните високообразовни установи. Бројот на запишани студентки е 30 704 или 58.7 %. На прва година на студии, во академската 2023/2024 година, се запишале 15 330 студенти или 29.3 % (опфатени се и студентите што запишуваат прва година по втор, трет и повеќепати).

Податоците се поразителни и покажуваат дека во РСМ, помалку од половина од учениците од средно образование продолжуваат со високо образование и споредено со државите во регионот РСМ е на самото дно.[24]

[24] Н. Петреска, Ј. Проданова, Љ. Коцарев, Анализа на квалитетот на високото образование во Република Македонија. Перцепциите на професорите и студентите, МАНУ, https://manu.edu.mk/wp-content/ uploads/2021/04/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B 7 %D0%B0-%D0%BD %D 0%B0-%D0%BA%D0%B2%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%82%D 0%B5%D1

*<u>Број на студенти што завршиле прв, втор и трет циклус студии</u>*

*<u>Дипломирани студенти на прв циклус</u>*. Достапните податоци во однос на вкупниот број дипломирани студенти на прв циклус на шестте државни универзитети, УЈИЕ како јавно-приватен универзитет и збирно прикажани податоци за приватните универзитети, претставени се во табелата подолу.

**Табела бр. 2:** Вкупен број дипломирани студенти на прв циклус

| **Година** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 8247 | 8545 | 7698 | 7874 | 6907 | 7753 | 7483 | 7422 |
| Тренд | 100% | 3.61% | -6.66% | -4.52% | -16.25% | -5.99% | -9.26% | -10.00% |

*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

Евидентно е дека бројот на дипломирани студенти во текот на анализираниот период бележи тенденција на постојано намалување. Состојбата со дипломирани студенти според универзитетите е претставена на графиконот подолу.

**Графикон бр. 5:** Број на дипломирани студенти на прв циклус според универзитети




*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

%82%D0%BE%D1%82-%D0%BD %D0%B0-%D0%B2%D0%B8%D1%81%D0% BE%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%BE%D0% B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0 %BE%D0%B2%D0% B о %D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%A0%D0%9C.pdf

Бројот на дипломирани студенти бележи тренд на намалување на повеќето државни универзитети, а единствено на УЈИЕ се бележи нешто поголем број дипломирани во 2023 година во однос на 2016 година. На приватните универзитети бројот на дипломираните значително е зголемен во текот на анализираниот период, што треба да биде предмет на анализа во однос на квалитетот на дипломираниот кадар.

*Студенти што завршиле втор циклус*. Достапните податоци во однос на вкупниот број на студентите што завршиле втор циклус на шестте државни универзитети, УЈИЕ како јавно-приватен, на институтите и збирно прикажаните податоци за приватните универзитети, претставени се на табелата подолу.

**Табела бр. 3:** Вкупен број студенти што завршиле втор циклус

| **Година** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 2021 | 1977 | 1885 | 1916 | 1758 | 1976 | 1883 | 1828 |
| Тренд | 100% | -2.18% | -6.73% | -5.20% | -13.01% | -2.23% | -6.83% | -9.55% |

*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

Евидентно е дека бројот на студенти што завршиле втор циклус бележи константен тренд на намалување од 10% во текот на анализираниот период.

Ако се направи анализа на достапните податоци според универзитетите, состојбата покажува определени карактеристики што заслужуваат внимание.

**Графикон бр. 6:** Број на студенти што завршиле втор циклус студии




*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

Слично како и во однос на дипломираните студенти на прв циклус, состојбата со студентите што завршиле втор циклус води кон заклучок дека нивниот број генерално опаѓа на државните универзитети и на институтите, што не е случај со приватните универзитети. Од податоците претставени на графиконот се забележува дека единствено на приватните универзитети бројот на студентите што завршиле втор циклус значително е зголемен во текот на анализираниот период, што треба да биде предмет на анализа во однос на квалитетот на студентите што завршиле втор циклус; покрај тоа, интересно за анализа е согледувањето дека е речиси ист бројот на студентите што завршиле втор циклус на УКИМ и на приватните универзитети.

Во 2023 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1 828 лица, од кои 1 624 или 89% се магистри и 204 или 11% се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2022 година, е намален за 2,7%. Учеството на жените магистри, во вкупниот број лица што стекнале научен степен магистер на науки, во 2023 година е 59,8 %.

Во 2023 година, најголем број од магистерските трудови, 624 или 38,4 %, се од областа на бизнисот, администрацијата и правото, 21,6% се од областа на инженерството, производството и градежништвото, по што следат општествените науки со 11,9 %, а останатиот дел од областите се со помал процент на застапеност.

*Студенти што завршиле трет циклус.* Достапните податоци во однос на вкупниот број студентите што завршиле трет циклус на шесте државни универзитети, УЈИЕ како јавно-приватен, на институтите и збирно прикажаните податоци за приватните универзитети, претставени се на табелата подолу.

**Табела бр. 4:** Вкупен број студенти што завршиле трет циклус

| **Година** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 197 | 209 | 243 | 204 | 174 | 201 | 197 | 174 |
| Тренд | 100% | 6.09% | 23.35% | 3.55% | -11.68% | 2.03% | 0.00% | -11.68% |

*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

Евидентно е дека бројот на студенти што завршиле трет циклус има забележителен тренд на намалување во текот на анализираниот период.

**Графикон бр. 7:** Број на студенти што завршиле трет циклус студии




*Извор: МАКСтат базата на Државниот завод за статистика на РСМ*

Најголемиот број на доктори на науки го стекнуваат степенот на УКИМ. Сепак, состојбата со студентите што завршиле трет циклус води кон заклучок дека нивниот број во последните години опаѓа на УКИМ, УКЛО и на УЈИЕ, а се бележи зголемување на бројот на студенти што завршиле трет циклус на ЈИЕ.

Во 2023 година, звањето доктор на науки го стекнале 174 лице, што претставува намалување за 11,7% во споредба со 2022 година. Најголем број од лицата, 22,4%, докторирале во областите бизнис, администрација и право, потоа 20,7% во здравство и социјална заштита, следат општествените науки, новинарството и информирањето со 13,8%, уметноста и хуманистичките науки со 12,1%, а останатите области се со помал процент на застапеност. Деведесет и една жена одбранила докторска дисертација во текот на 2023 година, што претставува 52,3% од вкупниот број лица што докторирале во истата година. Најголемиот процент од вкупниот број лица што докторирале, односно 21,2 %, ја вршат својата професија во образованието.

# 2. Стратешка и законска рамка

## 2.1. Домашна правна рамка

*Стратегии*

Во нашата држава донесени се повеќе стратешки документи, заедно со акциски планови за нивно имплементирање, полесен мониторинг и евалуација на степенот на исполнетост на проектираните мерки и активности. Во однос на високото образование

од клучно значење е Стратегијата за образование на РСМ 2018-2025 година со Акциски план,[25] во рамките на којашто се предвидени и мерки во однос на високото образование.

Во контекст на унапредување на високото образование, сфаќањето на образованието како инвестиција, а не како трошок, и посветување внимание на квалификациите што ќе овозможат препознатливост на пазарот на трудот и ќе ги задоволат потребите на стопанството и индустријата, особено релевантни стратешки документи во контекст на унапредување на високото образование се:

- Националната развојна стратегија до 2024-2044,[26]
- Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027 со Акциски план 2024-2025,[27]
- Стратегијата за човечки капитал на Република Северна Македонија 2024 – 2030.[28]

*Закон за високо образование и подзаконски акти*

Правната рамка ја сочинуваат Законот за високото образование,[29] (ЗВО) и релевантните подзаконски акти: Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната Фраскатиева класификација,[30] Уредбата со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање,[31] Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност;[32] Правилникот за методологија, стандарди и постапка за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиски програми,[33] Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација,[34] Правилникот со кој се утврдуваат стручните и научните називи,[35] Правилникот за содржината на студиските програми,[36] Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовите установи и на академскиот кадар во Република Македонија,[37] Уредбата за националната рамка на

[25] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[26] https://www.nrs.mk/
[27] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[28] https://mon.gov.mk/stored/document/Strategija%20za%20covecki%20kapital%202024%20-%202030.pdf
[29] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24
[30] Службен весник на РСМ, бр.91/2024 година
[31] Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 61/22 и 156/23
[32] „Службен весник на Република СевернаМакедонија“ бр. 245/22, 4/23, бр. 97/24
[33] „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 256/22
[34] „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 153/2022
[35] „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 125/2023 и 194/2023
[36] „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 224/23
[37] „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 67/13

високообразовните квалификации,[38] Националната класификација на занимања,[39] Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи,[40] Правилникот за поблиските критериуми и надлежноста на одборите за соработка и доверба со јавноста,[41] Правилникот за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава,[42] Правилникот за критериумите и начинот на рангирање на универзитетите,[43] и Правилникот за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност.[44]

## 2.2. Европска правна рамка

Појдовните премиси се во рамките на активностите на т.н. Група Е5 (ENQA, EQAR, ESU, EUA, EURASHE), односно воспоставените стандарди и критериуми и преземените активности, програми и проекти на Европската асоцијација за квалитет во високото образование (ENQA), Европски регистар за обезбедување квалитет во високото образование (EQAR), Европската унија на студентите (ESU), Европската асоцијација на универзитетите (EUA) и Европската асоцијација на институциите во високото образование (EURASHE), како и Стратегијата за мобилност на Европската област за високо образование (European Higher Education Area, EHEA).

Централно место во насока на компатибилни и кохерентни високообразовни системи во Европа заземаат Болоњскиот процес и Европската област за високо образование (European Higher Education Area, EHEA), со цел да се обезбеди споредливост во стандардите и квалитетот на високообразовните квалификации. Како членка на EHEA, РСМ е обврзана да се прилагоди на заедничкиот европски систем на лесно читливи дескриптори (резултати на учење) на нивоата и споредливи дипломи; рамка на високообразовните квалификации базирана на три циклуси на студии: додипломски, магистерски и докторски студии; и воспоставување на заеднички систем за обезбедување квалитет.

---

38 „Службен весник на Република Македонија " бр.154/2010
39 „Службен весник на Република Македонија, бр.178/15
40 Службен весник на Република Македонија, 102/2018 од 01.06.2018
41 „Службен весник на Република Македонија " бр.148/13
42 „Службен весник на Република Македонија" бр.71/09 и 120/10
43 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 135/2019
44 „Службен весник на Република Македонија" бр.65/13

# 3. Автономија

## 3.1. Финансиска автономија

Универзитетите уживаат уставно загарантирана автономија, којашто е доразработена со одредбите од ЗВО. Автономијата согласно ЗВО опфаќа повеќе аспекти: академска слобода, самостојно одлучување и управување и неповредливост на универзитетскиот простор. Автономијата во управувањето која, меѓу другото, подразбира и планирање, остварување и развој на високообразовната дејност, но и остварувањето на меѓународна соработка во голема мера се оневозможени поради непостоењето на финансиска автономија.

Универзитетите немаат функционална финансиска автономија, иако во ЗВО изрично е пропишано дека јавните високообразовните установи самостојно располагаат со средствата добиени од партиципација од студентите и/или школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи согласно општиот акт на јавната високообразовна установа и/или на единицата на високообразовната установа; сепак, во практиката примената на членот 123 од ЗВО не се имплементира.

Буџетот за високо образовани се зголемува, но близу 80% е за плати, а вкупните расходи од самофинансирање се намалуваат. Буџетската поддршка е особено важна при што напуштање на стегите на трезорското работење ќе овозможи поефективно располагање со сопствените приходи, но и зајакнување на социјалната димензија на високото образование при што запишувањето, совладувањето на студиската програма и завршувањето на студиите нема да зависат од околности поврзани со социјалната положба на студентот и неговото семејство.

## 3.2. Кадровска автономија

Отсуствува ефективна кадровска автономија и несоодветно се применува чл. 11 од ЗВО, според кој високообразовните установи се автономни во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон. Плановите за вработување на единиците и на универзитетите не се остваруваат и се оптоварени со бирократски процедури. Без кадровска автономија не може да се очекува ниту квалитет во високото образование ниту водење соодветна кадровска политика за мотивирање на најдобрите студенти да продолжат за се занимаваат со наука и истражување.

Во повеќето земји, вработувањето на наставно-научниот кадар е само во надлежност на високообразовните институции,[45] и тие имаат различен статус од аспект на работното ангажирање (со полно работно време или на определено време).[46]

Оттука, не изненадува фактот што постои недоволна екипираност и во однос на наставно-научниот и соработнички кадар, но и во однос на ненаставниот кадар.

### *3.2.1. Наставен и соработнички кадар*

Автономијата во обезбедувањето човечки ресурси, односно во можноста самите универзитети да водат соодветна кадровска политика без притоа да бидат условени од согласности од Министерството за финансии (МФ) се надоврзува на финансиската автономија. Притоа, апсолвиран факт е дека високообразовните установи не се во состојба да водат кадровска политика поради потребата вработувањата да се одобруваат од Министерството за финансии.

Финансиската несамостојност јасно се согледува од малиот број добиени согласности за вработување на наставен кадар. Според годишните извештаи на ректорите за 2022-2023 година, се забележува дека, на пример на УКИМ, биле барани согласности за 133 лица од наставен кадар, а добиени биле 58 согласности. Со ваквиот пристап всушност извршната власт одлучува и кој профил на кадар им треба на универзитетите и со која динамика ќе се одвива вработувањето. При ваква состојба останува отворено прашањето како да се гради стратегија за развој.

### *3.2.2. Ненаставен кадар*

Стандардите во однос на ненаставниот кадар во високото образование се содржани во Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност. Имено, бројот на вработени потребни за извршување на стручни и административни, односно сметководствено-финансиски, правни и други општи работи, како и помошно-технички работи се утврдува на ниво на високообразовната установа. Потребниот број на ненаставен кадар кој е во редовен работен однос, со полно работно време треба да е најмногу до 60% од вкупниот број на наставниот кадар, како и од асистентите, уметничките и стручните соработници. Бројот на вработени во Одделението за студентски прашања се утврдува врз основа на бројот на запишани студенти на сите

---

[45] Атанасов П, Наумовска Б, Близнаковски Ј, Квалитет на високото образование и науката и услови за повисоки стандарди. Фондација на отворено општество. Скопје, 2021

[46] Modernisation of Higher Education in Europe: Academic Staff – 2017. EURYDICE, European Commission. https:// eacea.ec.europa.eu/national-policies/eurydice/content/modernisation-higher-education-europe-academic-staff- %E2%80%93-2017_en (пристапено: август 2021)

циклуси на студии. Правилникот овозможува на секои наредни 500 студенти да се вработи по еден вработен. Високообразовната установа вработува и помошно-технички кадар.

Во однос на вработувањето на административниот, ненаставен кадар, на високообразовните установи постапката е прилично сложена, долго трае и честопати не завршува успешно, па скоро сите високообразовни установи имаат проблем со нормално функционирање на административните служби. Имено, најнапред се изготвува годишен план за вработување, којшто треба да добие согласност од МОН и да има позитивно мислење од МФ. Потоа единиците преку универзитетите до МОН поднесуваат барања за добивање согласност за вработување. Доколку МОН даде согласност за вработување го проследува барањето до МФ. Откако сето ова ќе биде преземено, МФ дава решение за одобрени финансиски средства за тековна година и за конкретно работно место.

Финансиската несамостојност се одразува во значително мал број добиени согласности за вработување на ненаставен кадар. Според годишните извештаи на ректорите за 2022-2023 година, се забележува дека на пример на УКИМ биле барани согласности за 76 лица од ненаставен кадар, а биле добиени само 8 согласности и тоа 5 согласности за стручно-административните служби и 3 согласности за помошно-технички лица.

# 4. Обезбедување квалитет

Квалитетот на високото образование е еден од клучните предуслови за раст и развој на заедницата, за продуцирање компетентни и способни кадри за пазарот на трудот, но и за зголемување на атрактивност на високото образование со цел да се намалува процентот на младите кои ќе размислуваат да се образуваат во странство.

Состојбите со квалитетот се загрижувачки и оттука потребата да се обрне особено внимание и да се вложат напори за подобрување на сите аспекти што го чинат квалитетот на високото образование: кадар, студиски програми, услови за настава и вежби, практична настава, мобилност на кадарот и на студентите, соработка со реалниот сектор и сл.

Графикон бр.8: Индекс на квалитет на високото образование [47]




Извор: Светска банка. 2020. ЕЦА економско ажурирање за есен 2020 година. Просеците се пондерирани според населението. Податоци за 2019 година.

Прикажаните компаративни податоци, врз основа на големиот број индикатори на Светска банка,[48] ги потврдуваат тврдењата за ниското ниво на квалитетот на високото образование во споредба со другите европски држави.

## 4.1. Квалитет на кадарот

Носител на главната дејност на Универзитетите е наставно-научниот и соработничкиот кадар. На државните универзитети во последните години постои обратнопропорционален сооднос меѓу наставно-научниот и соработничкиот кадар, т.е. се зголемува бројот на наставно-научен кадар, а опаѓа бројот на соработничкиот кадар.

За квалитетот на кадарот големо влијание имаат критериумите при избор во наставно-научно звање коишто мора да се заострат и да вклучуваат научна меѓународна публицистика, облици на мобилност, постдокторски студии, учество во истражувачка и апликативна дејност во државата и во странство и сл. Потребно е определување квалитативни и квантитативни критериуми за унапредување во повисоко звање, коешто не треба да биде автоматско по истек на определен период на време, туку да зависи и од остварените резултати. Акцентот на квалитетот на кадарот е суштинска определба бидејќи само наставно-научен кадар со соодветни компетенции и квалификации може да придонесе за правилно спроведување на студиските програми и научен напредок. Ова е непосредно поврзано со вештините што студентите ќе ги стекнат во текот на образованието.

Притоа, внимание заслужуваат сознанијата дека строги критериуми за професионален раст на академскиот кадар може да имаат и негативно влијание врз

[47] Преземено од Стратегијата за човечки ресурси, стр. 16.
[48] https://databank.worldbank.org/source/education-statistics-%5E-all-indicators

личното чувство на задоволството од професијата, а преголемиот притисок за професионално усовршување може да биде стресно и контрапродуктивно, па оттука е важно да постои баланс меѓу критериумите и мотивираноста истите да се постигнат .[49]

## 4.2. Квалитет на наставата

Евидентна е слаба мотивираност на кадарот кој се одразува и врз квалитетот на наставата. Кај најголем дел од наставно-научниот кадар постои недостиг на мотивација и присутна е аморфност во оваа сфера.[50] Професорите кои се изјасниле како задоволни од своето работно место, вообичаено ги извршуваат своите обврски со поголем ентузијазам, при што елементите кои го одредуваат нивното задоволство се општиот квалитет на образованието во институцијата и инфраструктурата (екстерни влијанија), и идентификацијата со професијата и тенденциите за личен и професионален раст (интерни влијанија).[51]

Голем е бројот на акредитирани студиски програми коишто не се прилагодени на потребите на стопанството и на пазарот на трудот и отсуството на практичната настава во истите, не нудат доволно вештини за успешно вработување на студентите и недоволно ги следат современите текови. Од овие причини, потребно е студиските програми да бидат иновативни, дигитализирани, интернационализирани и интердисциплинарни и да овозможуваат стекнување теоретско и практично знаење, но и вештини што ги бара пазарот на трудот.

Квалитетот на наставата во голема мера е условен и од расположливите ресурси за квалитетна настава (опрема, лаборатории, опитни центри и сл.). На голем дел од универзитетите опремата е застарена и потребно е нејзино обновување, но мора да се нагласи дека на некои факултети се располага со солидно опремени лаборатории, современа опрема и ресурси коишто ги задоволуваат потребните стандарди.

Административниот проблем со кој се соочува наставно-научниот и соработничкиот кадар претставува сериозен товар во нивните секојдневни активности. Недостатокот на административни работници кои технички би помогнале во организацијата на наставата (на пример, евиденција на студенти, распоред за теоретска и практична настава, објавање резултати и информации од различен карактер), доведува до дополнително оптеретување и троши драгоцено време кое треба да биде наменето за напредна едукација, истражување, односно за друг вид професионален ангажман. Администрирањето кое подразбира ангажирање на наставниците во однос

[49] Н.Петреска и др., оп.цит., стр. 16.
[50] Најчевска М, Заревски Д, Наумовска Б, Станковска Б, Имери Љ. Присуство на академскиот кадар во високообразовните установи и јавноста и нивнотио влијание врз заедницата. Фондација отворено општество. Скопје, 2021
[51] Н.Петреска и др., оп.цит., стр. 16.

на внесување на оцените во електронските бази, електронски потписи, евиденција на студентите за различни цели, организација и информација за одржување теоретска, практична и теренска настава, во определени ситуации придонесува за недоволно ефикасно трошење на времето на наставниците и соработниците.

### 4.3. Квалитет на стекнато знаење

Овој аспект може да се анализира преку атрактивноста на студиските програми за пазарот на трудот и степенот до кој високо образование е поврзано и прилагодено со потребите на бизнисот и на стопанството, односно колку со завршување на студиите студентите навистина стекнуваат квалификации за успешно вработување.

Поразителни се согледувањата дека поуспешните компании бараат подобри вештини и поради тоа се соочуваат со потешкотии при обезбедување квалификувани работници, а пак дипломираните студенти најчесто не поседуваат потребни вештни.[52]

### 4.4. Критериуми за акредитација

Одборот за акредитација утврдува исполнетост на условите и го утврдува капацитетот за основање и студирање и врши акредитација на високообразовните установи, на студиските програми, на ментори на докторски студии, итн.

Се забележува експанзија на бројот на акредитирани високообразовни институции. За споредба, во соседна Србија, која има три пати повеќе население (6 664 449 жители во 2022 година), има вкупно 17 универзитети од кои 8 се јавни и 9 приватни универзитети со вкупно 116 акредитирани факултети. Во Литванија, којашто пред 15 години имала 210 000 студенти, а во 2023 година 100 000 студенти,[53] има 14 јавни универзитети, осум приватни и еден кампус на Полскиот универзитет.[54]

Релативно високиот број на ВОУ со оглед на големината на населението, особено приватни ВОУ, кои апсорбираат помалку од 20% од целокупниот број на студенти, создава загриженост за ефикасноста и квалитетот на образованието кое се нуди, а се заканува и да го влоши фискалниот простор за реформи.[55]

Воедно, не се почитуваат сите одредби на Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за

---

52 Н.Петреска и др., оп.цит., стр. 5.
53 https://www.lrt.lt/en/news-in-english/19/2072191/lithuanian-universities-fight-for-survival-as-student-numbers-shrink
54 https://www.topuniversities.com/where-to-study/europe/lithuania/guide#:~:text= There%20 a r e%20two %20types%20of,campus%20of%20a%20Polish%20university.
55 Стратегија за човечки капитал, стр. 24.

акредитација на студиските програми, пред сè во насока на составот на рецензентските комисии, така што речиси сите акредитации се спроведуваат само со членови од ОА, не секогаш од најсоодветно подрачје, поле односно област за кои се однесува барањето за акредитација. Особено е важно да се изготват листи на домашни и странски експерти кои ќе бидат вклучени во комисиите за акредитација, при што ќе се внимава на научно-истражувачното подрачје, поле и област во зависност од материјата што се акредитира – универзитет, факултет, ментори на докторски студии и наставни програми.

АКВО/ОА не располага со достапна ажурирана листа на акредитирани студиски програми во земјава и други важни показатели кои би помогнале во соодветни продлабочени анализи. Состојбата е на незавидно ниво и поради непостоење регистар на акредитирани универзитети, наставни програми и ментори на трет циклус студии, којшто во ера на дигитализација треба да биде во електронска форма и достапен за јавноста.

### 4.5. Критериуми за евалуација

Одборот за евалуација има задача да ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа; да го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручна работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа да му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.

Од донесувањето на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник 153/2022), до моментот на изработка на овој документ, не е спроведена ниту една евалуација, ниту на високообразовна установа ниту на некоја студиска програма.

Ефективната евалуација е предуслов за квалитет во високото образование, а европските стандарди укажуваат на потребата за евалуација како предуслов за реакредитација. Во услови на целосна нефункционалност на Одборот за евалуација во претходниот персонален состав, реакредитациите се вршат формално, по инерција и сето тоа сериозно се заканува на каков било облик на квалитет во високото образование.

# 5. Студенти

## 5.1. Студентско организирање

На сите универзитети има формирано Универзитетско студентско собрание (УСС) согласно ЗВО и статутите на универзитетите. Дел од УСС имаат склучен Манифест за соработка. Сепак, може да се забележи невоедначена активност на УСС и недоволна меѓусебна комуникација, координираност и заеднички настап, па потребно е да се осмисли решение кое ќе овозможи остварување на овие заложби и поголема видливост на УСС.

## 5.2. Студентски стандард

Закон за студентскиот стандард ги регулира прашањата поврзани со студентските домови и стипендирањето на студентите.[56] Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард и член 45 став 3 од Законот за извршување на Буџетот за 2024 година Владата на РСМ на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година.[57]

Во однос на студентските домови, се постапува согласно следниве подзаконски акти: Правилник за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови;[58] Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентските домови; Правилник за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови; Правилник за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместени во студентските домови.

Сместување и исхрана на студенти во Република Северна Македонија се остварува во седум државни студентски домови, во три приватни студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив може да се сместат околу 5 550 студенти. Сместувањето се врши врз основа на Правилникот за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови.

Корупција во студентските домови е долгорочен феномен со растечки тренд. Речиси 40% од испитаниците во истражувањето забележале корупција во студентските

[56] „Службен весник на Република Македонија“ број 15/13, 30/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 248/20 и 302/20
[57] „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 13/2024
[58] "Службен весник на Република Македонија" бр. 89/13, 98/13 и 130/16

домови, а 33% имале лично искуство со коруптивни појави и/или познаваат некој кому му се случиле.[59]

**Табела бр. 5:** Листа на студентски домови и број на легла

| НАЗИВ НА СТУДЕНТСКИ ДОМ | МЕСТО | ВКУПЕН БРОЈ НА ЛЕГЛА |
|---|---|---|
| ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | Скопје | 1 216 |
| СТИВ НАУМОВ | Скопје | 739 |
| КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | Скопје | 490 |
| ДСД ПЕЛАГОНИЈА | Скопје | 997 |
| ДСД ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ СЕНИЌ | Скопје | 370 |
| ДСД КОЧО РАЦИН | Битола | 385 |
| ДСД НИКОЛА КАРЕВ | Охрид | 243 |
| ДСД ОРДЕ ЧОПЕЛА | Прилеп | 335 |
| ДСД БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ | Штип | 236 |
| ПСД ОАЗА | Штип | 112 |
| ПСД ХИЛЈАДНИКОВ | Штип | 60 |
| ПСД ЛОГОС | Штип | 52 |
| ПСД УЈИЕ | Тетово | 120 |
| ДСД Тетово | Тетово | 300 |
| | ВКУПНО: | 5 655 |

*Извор: Податоци од МОН*

Условите во студентските домови сè уште се на незавидно ниво, а најавеното реновирање на студентските домови и мензи доцни.[60] Според истражувањето на Младинскиот образовен форум за животниот стандард на станарите во Државен студентски дом „Скопје" од 2019 година, генералниот квалитет на живот во студентските домови, на скала од 1 до 5, бил оценет со 2,93.[61]

---

59 Ј. Ѓорѓиовска, А. Живковиќ, М. Илиевска, Крпен студентски живот, Истражување за животниот стандард на станарите во Државниот студентски дом „Скопје", МОФ, 2019.
60 Б. Кордалов, Т. Зафиров, Како до подобар младински стандард?, Институт за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП), Фондација за слободата „Фридрих Науман", проектна канцеларија за Северна Македонија, (Friedrich Naumann Foundaton for Freedom, Project office for North Macedonia) Скопје, мај 2023; Ј. Ѓорѓиовска и др., МОФ, 2019.
61 Ј. Ѓорѓиовска и др., МОФ, 2019.

Според истражување на Младинскиот образовен форум, во периодот од 2010 до 2019 година евидентиран е раст на финансиите за подобрување на студентскиот стандард и тоа најмногу во делот на исплатата на стипендии и субвенционирањето на легла и исхрана во студентските домови, изградбата и реконструкцијата на студентските домови и трошоци за опремување простории.[62]

### 5.3. Субвенциониран студентски оброк и стипендии

Субвенционираниот студентски оброк подразбира добивање месечен паричен надоместок од 2 400 денари за 9 месеци, или 120 денари по работен ден што е околу 12% од минималната плата.[63]

Стипендии може да се доделат на следниве категории студенти: студенти кои студираат во Република Северна Македонија; студенти кои се државјани на Република Северна Македонија, а кои студираат во странство; странски државјани кои студираат на јавните универзитети во Република Северна Македонија и студенти што се странски државјани ако нивното стимулирање или стипендирање е од интерес за Републиката.

Релевантни подзаконски акти во однос на стипендирањето се Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство;[64] Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделувањето на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија,[65] и Правилникот за начинот на доделување на студентските стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Македонија.[66]

Според Законот за студентски стандард се обезбедуваат стипендии во следниот соодноc според категории на студенти: 49% се за студенти од социјалните категории; 30% се за студенти кои постигнале особен успех во учењето; 20% се за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и 1% се за студенти кои се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.

Се доделуваат вкупно 37 видови стипендии, се обезбедуваат средства за 1 787 стипендии, во износ од 540 740.00 евра.

[62] Ј. Ѓорѓиовска и др., МОФ, 2019.
[63] Кордалов/Зафиров, ИДУЕП, 2023
[64] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/2016, 48/2021, 93/2023
[65] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020, 160/2021, 47/2023
[66] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 169/2013, 9/2017

### 5.4. Студентска мобилност

Особено важен сегмент за студентите е можноста за студентска мобилност. Мобилноста се остварува двонасочно, во смисла на размена на студенти, мобилност заради стажирање, но и мобиллност заради студирање за што главен предуслов е компатибилност на наставните програми.

Со цел поттикнување на студетската мобилност потребно е да стратешки да се пристапи на ова прашање и да постои начин за навремено и целосно информрирање на студентите, да постои центар/одговорно лице каде што заинтересирантите студенти може да се обратат и коишто ќе биде линкот со странските универзитети, факултети, студенти.

Во овој контекст особено е важна улогата на Еразмус координаторите и продеканите за меѓународна соработка.

Потребно е да се организираат кампањи, отворени денови, средби на студентите со УСС и ФСС во однос на нивно информирање и мотивирање.

## 6. Меѓународна соработка

### 6.1. Финансиска поддршка

Меѓународната соработка мора да биде еден од приоритетите со цел поголема видливост на нашите универзитеите, подобро рангирање и препознатливост во регионот, во Европа, па и пошироко. Поддршката на државата во смисла на обезбедување доволно средства за мобилност, членување во мрежи и меѓународни програми, учество во проекти е главен предуслов за успешна меѓународна соработка. Сето ова не смее да биде оставено да се остварува преку сопствените средства на универзитетите.

### 6.2. Зголемена академска мобилност

Мобилноста на академскиот кадар е еден од модусите за подигање на квалитетот на високото образование бидејќи зајакнати и унапредени знаења и вештини и посветеност на стручното усовршување на академскиот кадар се важен предуслов за успешно спроведување на акредитираните студиски програми и остварување на целите.

Академската мобилност во основа остварува двојна функција. Од една страна овозможува подигнување на знаењата и вештините на наставниците, но и поголема видливост на државата на меѓународен план. Соработката и одржување на академските контакти овозможуваат подигнување на квалитетот на наставните содржини, но и унапредување на методите за настава особено ако се земе предвид двонасочната мобилност и контакт на нашите студенти со наставници од странство. Болоњскиот

процес и програмите на ЕУ, кои даваат поддршка во реализација на академска мобилност, како Еразмус, Tempus, Erasmus Mundus и Marie Currie, придонесоа кон зголемување на академската мобилност, но таа сѐ уште не е на задоволително ниво. Заради полесен пристап до информации и можности за мобилност на наставниците и на соработниците неопходно е да постои посебна канцеларија за мобилност којашто може да биде организирана во форма на кариерен центар, центар за меѓународна соработка, а оваа функција може да ја вршат продекани и проректори за меѓународна соработка. Корисна во оваа смисла е и активноста на Еразмус координаторите за академскиот кадар.

Мобилноста овозможува осознавање и соодветно имплементирање, односно адресирање на европски приоритети во делот на високото образование, како што се инклузијата, дигитализацијата и зелената агенда.

Недоволното користење на можностите за мобилност се должи на недоволна информираност на наставно-соработничкиот кадар, но и нивна недоволна мотивираност.

### 6.3. Ресурси за проектни активности

Воочен е недостиг од едуциран кадар за аплицирање и имплементација на проекти, па во оваа смисла неопходно е зајакнување на ресурсите со кои располагаат универзитетите (и преку нив и единиците) за соодветно пополнување на апликацијата, обуки за менаџирање на проекти (*Project Cycle Management*), со цел поголема проектна активност, но и успех во имплементација на проектните активности.

### 6.4. Учество во мрежи и асоцијации

Вмрежувањето на универзитетите со цел заеднички настап, заедничка поддршка е особено значајна и универзитетите и нивните единици треба да настојуваат да бидат дел од меѓународни мрежи и асоцијации преку кои ќе се овозможи користење добри практики за унапредување на наставата, апликативната и истражувачката дејност. Овие аспекти се поврзани со соодветни финансиски средства, но овозможуваат зајакнување на капацитетит за заедничко учество во проекти во коишто ќе биде вклучен академскиот и научно-истражувачкиот кадар и студентите.

### 6.5. Билатерална активности

Особено значаен аспект е билатералната соработка помеѓу универзитетите преку договор/меморандум/спогодба/протокол како резултат на што може да произлезат заеднички студиски програми, организирање конференции како и студиски престои за наставниците, истражувачите и студентите.

# 7. Финансирање

## 7.1. Тековен начин на финансирање

Националниот совет, согласно чл. 123 ст. 2 од ЗВО, секоја буџетска година, најдоцна до 15 мај, на министерот надлежен за работите на високото образование му го предлага вкупниот износ на средства од државниот Буџет за финансирање на универзитетите и самостојните високи стручни школи за наредната буџетска година, согласно со Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високото образование.

Согласно чл. 123 од ЗВО, појдовна основа за финансирање на високообразовните установи се годишните финансиски планови на високообразовните установи, кои содржат: број на студенти за запишување со партиципација и школарина; реалните трошоци за реализација на секоја студиска програма согласно нејзините специфики; тековните трошоци за работењето на установата; и трошоците за инвестиции и развој. Финансиски план се изработува според Закон за извршување на буџетот на почетокот од годината и за поголемите универзитет е особено сложен процес бидејќи се изработува консолидиран план, па тој се одобрува преку МОН во Министерство за финансии.

Во практика и одредбата според која тековните трошоци - комунални трошоци, одржување, опрема и потрошен материјал за реализација на студиските програми и за работењето на високообразовната установа - на јавните високообразовни установи во целост се надоместуваат од Буџетот на РСМ, не се имплементира.

Финансирањето е прилично ограничено и нефлексибилно со оглед на улогата што ја има МФ во однос на одобрување на плановите со што се овозможува користење на средствата, па оттука, зголемувањето на флексибилноста на Трезорскиот систем е особено значајно.

Средствата остварени од учество во изработка на меѓународни научни проекти претставуваат позитивна ставка во билансот на плаќање на земјата, на високообразовните и научните институции им носат средства кои се употребуваат за развој на научната дејност (научно-истражувачка инфраструктура, опрема, стручни престои во странство, учество на научни конференции во странство, објавување на трудови во престижни странски списанија и сл.) и го зголемуваат процентот на издвојувања на земјата за истражување и развој.

Анализата покажува дека нема развојна компоненета во структурата на приходите што на универзитетите им се одобруваат од МФ што директно влијае врз

квалитетот на образовните услуги, градењето научно-истражувачки капацитети и инфраструктура, а сето ова се одразува врз намалување на компетитивноста на кадрите на пазарот на трудот и на научно-истражувачкиот кадар како предуслов за развој на науката.

Финансирањето на високото образование на јавните универзитети во основа ја следи **историската распределба** и не е поврзано со **перформансите на универзитетот**. Кон крајот на 1980-тите, владата на тогашната Социјалистичка Република Македонија дефинирала формула за финансирање базирана на бројот на студенти и други критериуми. Првично сложената формула вклучува одобрени програми, број на предмети и факултети, запишани студенти, структура на персоналот, дипломирани студенти, универзитетска инфраструктура и административен персонал.

Формулата се користеше круто и нетранспарентно, не се прилагодуваше со времето и користеше застарени пондери и коефициенти. Со текот на годините, Владата престана да ја следи методологијата поради недостаток на ресурси. Денешните буџети се одредуваат според историски трендови и преговарачките способности на универзитетите, наместо објективни и транспарентни критериуми.

Така што како појдовна основа за финансирање на високообразовните установи се годишните финансиски планови на високообразовните установи. Финансиските планови на високообразовните установи содржат: број на студенти за запишување со партиципација и школарина; број на катедри, според одобрените студиски програми; број и структурата на вработените; реални трошоци за реализација на секоја студиска програма согласно нејзините специфики; тековни трошоци за работењето на установата и трошоците за инвестиции и развој.

Тековните трошоци (комунални трошоци, одржување, опрема и потрошен материјал за реализација на студиските програми и за работењето на високообразовната установа) на јавните високообразовни установи во целост се надоместуваат од Буџетот на РСМ. Така што финансирањето зависи од Буџетско финансирање како расположливи државни средства како и еден дел на другите приходи што се обезбедуваат од други активности на универзитетите (школарина од студенти, поддршка како резултат на соработка со стопанството, учество во проекти и консалтинг услуги на ВО институции, и донации).

Оговорни органи во јавното финансирање на високообразовните установи:

- МФ - одговорно за подготовка и извршување на буџетот врз основа на стратешките приоритети на Владата во високото образование, нејзината фискална политика како и стратешките планови на буџетските корисници. Владата доставува предлог-буџет/нацрт-буџет до Собранието кое го усвојува буџетот;

- Согласно член 37 од Законот за буџет (Сл. весник бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/ 16) по донесувањето на буџетот, Министерството за образование (МОН) и наука изготвува и доставува годишни финансиски планови (по квартали) до Трезорот за користење на одобрените буџетски средства. Единиците-кориснички (високообразовни институции) изготвуваат годишен финансиски план (по квартали) за користење на одобрените средства и го доставуваат до буџетскиот корисник преку кој се финансираат.
- Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност (Национален совет) како највисоко професионално и автономно тело е одговорно за развивање и предлагање на Националната програма за високо образование и Националната програма за научна и истражувачка дејност до Собранието. Националниот совет и предлага на Владата мерила и критериуми за финансирање на високото образование, како и на научно-истражувачката дејност. Исто така, Националниот совет и предлага на Владата политики и мерки за различни категории студенти - ослободување на инвалидите од кофинансирање за нивното студирање, за стимулација на талентираните студенти како и стипендии за истакнати студенти итн.

### 7.2. Како до нов модел за финансирање на високото образование?

Моделот на финансирање треба да ги обедини **различните индикатори и пондери** за да биде правичен и флексибилен, прилагодувајќи се на различностите на универзитетите и нивните единици. Исто така, потребно е да се размислува за една композитна структура - на пример: *плата на наставникот во зависност од звањето, апликативната дејност, општествениот придонес, објавените трудови и слично.*

Новиот модел на финансирање треба да обезбеди една вистинска и **функционална финансиска автономија на универзитетите**. Финансиската автономија мора да се зајакне и да се однесува и на автономијата во обезбедувањето човечки ресурси, односно на можноста самите универзитети да водат соодветна кадровска политика без притоа да бидат условени од согласности од Министерството за финансии.

Потребно е **да се намали ригидноста а да се зголеми флексибилноста на Трезорскиот систем** кој создава долги административни процедури и пречки што ги отежнуваат, пролонгираат, а понекогаш и оневозможуваат високотообразование и научните институции да ги користат средствата од самофинансирачки активности и донации. Зголемената **флексибилност** на Трезорскиот систем е значајна бидејќи

средствата од меѓународни научни проекти се позитивни за билансот на плаќање на земјата и го поддржуваат развојот на научната дејност. Како последица на ова, поголемата флексибилност на Министерството за финансии при усвојување на финансиските планови ќе ги поттикне универзитетите да зголемат апликативната и научната работа и ќе ја зајакне нивната финансиска одржливост.

**Повеќегодишното финансирање** им овозможува на високообразовните институции да планираат среден до подолг рок, во согласност со нивниот стратешки план, како и нивната развојната стратегија, било за нова инфраструктура или за регрутирање на академски кадар. Важно е државата да одржува **стабилност на финансирањето** од година на година, што е најдобро да се постигне со повеќегодишен процес на буџетирање.

Според горенаведеното, Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност како една од неговите круцијалните задачи и обврски што произлегуваат од Законот за високо образование, е да предлага на Владата мерила и критериуми за финансирање на активноста на високото образование.

**<u>Пред сè</u>**, врз основа на лекциите произлезени од анализи на еволуцијата на механизмите за финансирање во земјите на ОЕЦД, ќе биде добро да се следи адекватен модел за распределба на јавните средства за високото образование во РСМ.

**<u>Второ,</u>** новиот модел на финансирање треба да се базира според индикатори (влезни и излезни индикатори), но треба да се размисли да бидат земени во предви и идикатори во однос на бројот на вработени студенти по нивното завршување.

Сè повеќе индустриски развиени земји сфаќаат дека е тешко да се потпрат на еден инструмент за финансирање поради различните мисии и потреби на високообразовните институции. Затоа, земјите на ОЕЦД, особено во Европа, усвојуваат модел на финансирање со три столба, кој распределува ресурси според целите на финансирањето.

Конечно, новиот модел на финасирање на високото образование треба да понуди конкретни насоки како на МФ и МОН, така и на самите високо образовни институции.

# IV. SWOT АНАЛИЗА (СОГЛЕДУВАЊЕ НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ, МОЖНОСТИ И РИЗИЦИ)

Високото образование во РСМ се соочува со значајни предизвици и можности кои може да имаат директен ефект врз институциите, студентите, и општеството. Универзитетите во земјата нудат широк спектар на академски програми, кои ги привлекуваат талентираните студенти, но сепак финансиските ресурси се ограничени, што влијае на квалитетот на наставата и вкупните услови за работа.

Покрај финансиските предизвици, високото образование се соочува со миграцијата на млади таленти, кои ја напуштаат земјата во потрага по подобри можности за работа и живот во странство. Овој феномен предизвикува одлив на човеки капитал, што има директно влијание во потенцијалниот развој и придонес во економијата и развивање на општеството. Подобрување на инфраструктурата во наставниот процес е друг предизвик бидејќи тоа бара воведување на модерни технологии, што ќе ги направи универзитетите поконкурентни на меѓународно ниво.

Подобрување на дигитализацијата на високото образование може да игра клучна улога во трансформирањето на образовниот систем. Онлајн курсевите, дигиталните ресурси и виртуелните лаборатории можат да го подобрат пристапот до знаење и да овозможат флексибилно учење. Меѓународната соработка и партнерства со странски универзитети исто така претставуваат голема можност за размена на знаење и искуства.

Со една правилна стратегија и инвестиции, Република Северна Македонија може да создаде модерен и инклузивен образовен систем кој ќе ги задоволи потребите на студентите и општеството. Подолу се сумирани некои од позначајните согледувања од **SWOT** анализата:

## Силни страни

- **Квалификувани кадри:** Во високообразовните институции има искусни и квалификувани професори од различни области со научни звања што ги покриват студиските програми.
- **Јавни и приватни образовни институции:** Земјава може да се пофали со разновидни универзитети и ВСШ кои нудат разновидни програми за задоволување на потребите на различни интереси.
- **Напори за интернационализација**: Постојат програми и иницијативи за размена кои промовираат меѓународни искуства и соработки. Ова вклучува и регрутирање на меѓународни студенти и кадар, особено од други земји.
- **Квалитет на некои програми:** Одредени програми во високото образование се меѓународно признати заради нивниот квалитет и стандарди.

## Слабости

- **Недостаток на финансии**: Високообразовните институции честопати се недоволно финансирани, што доведува до несоодветни ресурси и капацитети.
- **Недостаток на инфраструктура:** Многу образовни институции немаат модерна инфраструктура и напредни технологии за да осигураат задоволителен квалитет на наставата како и да обезбедата квалитетни услуги за студентите и општеството. Многу инстутиции се соочуваат со предизвици за одржување на старата инфраструктура, и не

можат да се прилагодат на модерната технологија, со што не ги исполнуваат стандардите за одржливост.

- **Неусогласеност со потребите на пазарот на труд**: образовниот систем не е целосно усогласен со потребите на пазарот на труд, што резултира со невработеност на дипломираните студенти.
- **Ниски стапки на вработеност**: Многу дипломирани студенти се борат да најдат вработување во своето поле на студирање поради ограничените можности за работа, и отсуство на практични и стручни вештини и компетенции.
- **Квалитет на образование.** Квалитетот на наставниот процес, вкупната компетентност на некои факултети, релевантноста на наставната програма и наставната методологија, е тековен предизвик за високообразовните институции.
- **Технолошка интеграција.** Ефективното интегрирање на модерната технологијата во образованието, како што се учењето преку Интернет, виртуелните училници и образовни софтвер, дава можности, но и поставува значителни предизвици. Способноста за користење на модерна технологија е многу важно за подобри резултати.

## Можности

- **Зголемени инвестиции:** Со зголемените инвестиции во високото образование ќе се овозможи подобрување во квалитетот и капацитетите на работата на универзитетите. Соработката со приватниот сектор преку поддршка на студентите како потецијани нови кадри, како и финансирање на посебни проекти ќе придонесе за подобрување на целокупниот образовен процес.
- **Меѓународна соработка**: Северна Македонија може да поттикне меѓународни партнерства за подобрување на квалитетот на образованието и истражувањето со други универзитети и институции од други земји.
- **Технолошки иновации**: Интегрирањето на технолошките иновации во образовниот процес може да го модернизира образованието и да ги подобри искуствата на учениците.
- **Дигитализација**. Можноста за дигитализација во високото образование во Северна Македонија нуди значителен потенцијал за подобрување на квалитетот на образованието и зголемување на пристапноста до различни облици на учење.
- **Развој на специјализирани и интердисциплинарни програми**: Развојот на специјализирани и интердисциплинарни програми усогласени со барањата на пазарот на трудот може да ги подобри можностите на студентите за вработување.

### Ризици

- **Политичка нестабилност:** Политичката нестабилност може негативно да влијае на образовниот систем, особено во однос на финансирањето и квалитетот во високото образование. Преземените активности треба да имаат континуитет што ќе доведе до подобрување и спроведување на стратегии на среден и долг рок.
- **Намалување на бројот на студенти**. Бројот на запишувани студенти се намалува. Голем број институции се соочуваат со овој проблем поради демографските промени и економските аспекти. Демографските промени се предизвикувани пред се од емиграција и се помалиот наталитет.
- **Одлив на мозоци.** Овој процес претставувава голем предизвик за државата бидејќи млади, кадарни и образовани поединци може да ја напуштат земјата во потрага по подобри можности за работа, што доведува до губење на талентирани млади луѓе.
- **Странска конкуренција**: Зголемената меѓународна конкуренција во образованието може да претставува предизвик за локалните институции во нивните напори да ги задржат добрите студенти. Се почесто се нудат и онлајн програми од реномирани странски институции што претставува еден вид на глобална конкуренција.
- **Технолошки напредок**: Недостатокот на ресурси на институциите ја оневозможува неопходната потреба од постојана адаптација на образовниот систем заради брзиот технолошки напредок.

# V. ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

## 1. Подигање на квалитетот на високото образование

Подигањето на квалитетот на високото обрзование мора да се сфати како *conditio sine qua non* за хуман и одржлив развој на македонското општество. За остварување на овој стратешки приоритет, неопходни се определени системски мерки како што е формирање на посебно ***Министерство за високо образование и наука***, но и востановување ***нова, рационална законска рамка за високо образование и наука***, која јасно ќе ги обедини суштински нераздвојните аспекти на академската работа: образование, наука, иновациски развој и апликативна дејност.

Не може да се очекува обезбедување на квалитет ***без гарантирано финансирање*** на основните функции на државните академски институции - ***образование, наука, иновациски развој и апликативна дејност***, кое е дефиниранио со закон како процент од буџетот на државата, ослободено од политички

влијанија и *ad hoc* решенија, со јасно определување на степенот на зголемување на средствата во наредните години и постигање на европскиот просек во овие области. Треба да се пристапи кон изготвување на ***модел за распределба на законски загарантираните средства*** од буџетот на државата за работа на државните академски институции и законска обврска за негово имплементирање. Имено, обезбедување на суштинска академска автономија може да се оствари преку гарантирање на финансирањето и автономија во користењето на средства со ***значително дебирократизирање и поголема флексибилност на Трезорскиот систем***, особено на работата поврзана со научна, иновациска и апликативната дејност, заради динамиката на овие дејности.

Во контекст на унапредување на квалитетот е заложбата за ***законско дефинирање на минимални критериуми за академско регрутирање, унапредување и избор на раководен кадар***, и воведување на мерки што стимулираат академска извонредност на институции и поединици,[67] како и формирање на посебен ***Фонд за поддршка на научна работа***, за компетитивна поддршка на научната и иновациска дејност.

Квалитетот може да се подигне само ако се воведе посебна, сеопфатна програма за ***социјална грижа на студентската популација*** и академскиот подмладок и борба против одливот на академски кадар.

### 1.1. Организациско редефинирање и воведување на категоријата „работна позиција“

Неопходно е редефинирање на поимот „работно место“ во академските институции како неопходен предуслов за подигање на квалитетот на академската заедница и воведување на принципи на *компетитивност и мериторност* меѓу академскиот кадар. Ова е од ососбена важност за регрутирање на научен подмладок и унапредувањето на акдемскиот кадар. Имено, за секоја академска институција треба да се определи бројот на академски *работни позиции* во функција на асистенти, доценти, вонредни професори, и конечно определен број на редовни професори, за непречено одвивање на сите основни дејности: образование, наука, иновациски развој и апликативна дејност. Соодветното ресорно министерство го определува бројот и видот на работните позиции, во согласност со потребите на институцијата.

Изборот на академски кадар за пополнување на работните позиции го врши академската институција во духот на суштинската академска автономија, применувајќи

[67] За подобро разбирање на концетот на академска извонредност, подетално на: https://www.enqa.eu/wp-content/uploads/ENQA-Excellence-WG-Report_The-Concept-of-Excellence-in-Higher-Education.pdf

мериторни критериуми за избор. Особено е важно што *определена работна позиција не е трајно поврзана со едно избрано лице*, при што мора да постои можност истото работна позиција да биде пополнета со нов академски кадар, или пак веќе ангажираното лице да биде земенето, во согласност со академските потреби и согледувања на институцијата во насока на подигање на нејзиниот квалитетот. Во сегашниот концепт на распределба на работните места, практично еднаш вработено лице не може да биде заменето со друго во постапката на избор/реизбор, со што се губи смислата на компетитивност при унапредувањето и нема можност за конкуретска флуктуација на академски кадар со цел подигање на академското ниво.

Концептот на академски позиции е особено важен за академскиот подмладок (работна позиција асистент). Имено, академската институција треба да добие определен број на работни асистентски позиции, кои се пополнуваат со академски подмладок - докторанди, кои бесплатно студитраат и примаат надоместок соодветен за асистентската позиција. После завршувањето на докторските студии, овој вид на работни позиции се пополнуваат со нови докторанди избрани од академската институција, а само некои од претходните докторанди, кои покажале академска извонредност, може да бидат унапредени во повисока позиција (доцент), во согласност со бројот на расположиви доцентски позиции. Со ова, *академската институција ќе има перманентно млад и мотивиран академски подмладок*, кој покрај едукативната работа, ќе биде носител на научната активност во рамките на формираните истражувачки групи.

Сите вработувања на определна работна позиција, се на определено време, освен позицијата „редовен професор".

### 1.2. Формирање на научни групи

Заради соодветно и неопходно интегрирање на научната работа како основната дејност на академските институции, потребно е академскиот кадар да биде организиран и по основ на научна проблематика, односно да бидат формирани научни групи со јасна хиерархиска поставеност.

### 1.3. Критериуми за регрутирање и унапредување на академскиот кадар

*Без дефинирани и високи критериуми за регрутирање и академско унапредување не е возможно подигање на академското ниво.* Академската работа мора да биде една од најпрестижните и најкреативните дејности во општеството и соодветно на тоа да биде определен нејзиниот социјален статус (плата).

Постапките за избор/реизбор пред сè треба да се однесуваат на процесот на пополнување на испразнети работни позиции, а не на лично унапредување на некое вработено лице.

Критериумите за унапредување на академскиот кадар треба да бидат квалитативно наведени во закон, а нивната квантификација треба да биде дефинирана со ***Правилник за унапредување***, кој треба да биде во надлежност на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и да важи за целокупната академска заедница во државата. Ова е единствен начин преку кој во еден подолг рок ќе дојде до соодветно нивелирање на академското ниво во целиот академски простор во земјата, без оглед дали се работи за државен или приватен сектор.

Начинот на академско унапредување во нашате земја е особено лош, непознат и туѓ за најголем дел од развиените академски средини кон кои се стремиме, и има корени во стариот социјалистички модел на претходната држава преземен од концептот на кариерно унапредување во армиска средина. *Денешниот модел води до апсурдни ситуации во кои една академска институција, може да се состои само од редовни професори, кои во крајна линија немаат никаква посебна ингеренција различна отколку онаа на доцент, и нивната дејност е сведена само на обична едукативна работа*. Со постоечкиот организациски модел и кариерно унапредување не е возможно подигање на академскиот квалитет. Во овој контекст, унапредувањата во повисоки позиции не треба да е прашање на изминати години во одредена позиција, туку *прашање на постигнати критериуми за унапредување*. На пример, изборот на доцент може да се врши само доколу постои испразнета доцентска позиција и доколку на конкурсот се јават лица кои ги задоволуваат критериумите, без оглед дали се веќе во работен однос во институцијата, или се надворешни лица, а доколку вработениот и надворешното лице ги исполнуваат потребните критериуми, предност треба да има вработениот, што секако ќе зависи од оцената на рецензентската комисија

### 1.4. Критериуми за избор на раководен академски кадар

Квалитетот на академските институции во голема мера зависи од раководниот кадар. Изборот на академски раководен кадар мора да биде во духот на академската слобода и авотономија и треба да биде во насока на постигање на стратешката цел за подигање на општиот квалитет на академската заедница. Изборот на раководниот кадар мора да се одвива според одредени *мериторни смерници* кои ќе укажуваат дека само оние кои покажале *академска извонредност* може да имаат привилегија да управуваат со академските институции и нивното лидерство да овозможи суштинско унапредување на академските институции.

### 1.5. Наставни програми

Македонската академска заедница, општествено маргинализирана и водена од егзистенцијални, а многу често и профитабилни причини, понуди *ирационално голем број на наставни програми кои суштински не може да ги реализира*, а со тоа активно партиципира во креирањето лажни вредности во општеството за привидни академски постигања, односно го воведува македонското општество во своевиден симулакрум, со погубни егзистенцијални последици по неговата иднина. Оттука, преку измени во начинот на финансирање на академските институции, преку дефинирање на личните примања на академскиот кадар врз основа на мерит-критериуми и укинување на можностите за профитирање (институционално и лично) преку „лов“ по студентска партиципација и школарина, треба да се направи *драстична рационализација на наставните програми*. Од суштинска важност е да се разбере дека воведувањето на нова наставна програма не може да е исклучиво во доменот на академската автономија и слобода, туку е резултат на *соодветна усогласеност на академската заедница со потребите на државата и пазарот на труд и со директна вклученост на економскиот и реален сектор во општеството,* како и изработка на стандард на квалификација во кој се дефинирани знаењата, вештините и компетенциите на студентите.

## 2. Зголемување на квалитетот во процесот на акредитација

Потребен е покритичен однос во постапката за акредитација со цел одржување на квалитетот на високото образование, со особено внимание при акредитирање на нови високообразовни институции, при акредитирање на наставни програми и при акредитирање ментори на докторски студии. Во оваа смисла од ОА се очекува поголема ангажираност особено поради согледбите дека мрежата на ВОУ, бројот на универзитети и високи стручни школи на коишто се повторуваат голем дел од наставните програми апсолутно не соодветствува на држава како нашата ниту по број на жители, ниту по број на студенти. Академската заедница воочува дека *е неопходно е да се спречи експанзија на студиските програми* без соодветна анализа на потребите на пазарот на трудот, без дефинирана практична настава, без правилно дефинирани дескриптори (резултати од учење) на нивоата од НРК и кретериуми за нивно вреднување, без проверка на квалификации на наставниците за изведување настава и вежби, преклопувањето на студиските програми, како и инфрастуктурните услови и ресурси за нивна соодветна реализација.

Поради апсолвираниот став дека еден дел од студиските програми не одговараат на потребите на пазарот на трудот, системот за практична обука на студентите не ги дава

очекуваните резултати, па произлегува дека е неопходна сериозна анализа на потребите на пазарот на трудот.

Неопходно е воспоставување ефикасни механизми кои ќе овозможуваат проверка на почитувањето на критериумите кои постоеле во време на акредитација на студиската програма при нејзина реакредитација.

Одборот за акредитација треба да вложи напор целосно да ги следи одредбите содржани во Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник 256/2022), за што е потрено во најкраток можен рок да се состави листа на рецензенти во соработка со АКВО – надворешни, домашни или странски стручни лица како членови на стручните комисии.

Заради поголема транспарентност и информираност, потребно е да се воведе уредна и редовно ажурирана евиденција на акредитираните високообразовни установи, акредитираните студиски програми и другите важни показатели, и истите навремено да се проследуваат до МОН, Националниот совет за високо оразование и научно-истражувачка дејност и да се објавуваат на вебстраните на ОА и АКВО.

## 3. Ефективност на Одборот за евалуација

Нефункционалната евалуација на ВОУ во нашата држава придонесе во голема мера за опаѓање на квалитетот во сите аспекти на високото образование. Без подготвеност за спроведување евалуација на веќе акредитираните ВОУ и наставни програми се дозволува во академскиот простор да постојат институции и програми коишто не ги задоволуваат критериумите за квалитет, високото образование го прават неатрактивно и овозможуваат импровизација во спроведување на наставните програми и дипломирање на студенти кои воопшто немаат неопходни квалификации, знаења и вештини.

Големи се очекувањата од новоконституираниот ОЕ пред сѐ во смисла на целосна имплементација на одредбите содржани во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација,[68] и насоките на Европските стандарди за обезбедување на квалитет на високото образование (*Standards and guidelines for quality assurance in the European Higher Education Area, ESG*), но и потребата од што поитно составување листа на евалуатори за соработка со АКВО - надворешни домашни или странски стручни лица како членови на комисиите за евалуација. Овој чекор е потребен за што поскоро да се отпочне со евалуација на

[68] Службен весник на РСМ, бр. 153/2022.

високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа. Преку евалуацијата мора да се следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научно-истражувачката, уметничката и стручна работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми. Неопходна е ефективна и критичка евалуација со цел преиспитувње на критериумите за квалитет на веќе акредитирани наставни програми, високо-стручни школи, факултети и универзитети. Со цел да се следи работата и функционирањето на системот за евалуација потребно е редовно изготвување годишни програми за евалуација и извештај за степенот на релизираност на програмата.

## 4. Унапредување на активностите на европско ниво со цел подобрување на квалитетот на високото образование

Унапредување на активностите на европско ниво со цел подобрување на квалитетот на високото образование може да се оствари ако се поттикне учество и членство на државата односно на ВОУ во Групата Е5 (ENQA, EQAR, ESU, EUA, EURASHE) – на пример, полноправно членство на АКВО во ENQA; во рамки на EURASHE, нема ниту една ВОУ од РСМ, и сл. Притоа, особено е важно да се обезбеди квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики, пред сѐ во насока на целосно услогласување со Европските стандарди за обезбедување на квалитет на високото образование (Standards and guidelines for quality assurance in the European Higher Education Area, ESG).

Согласно европските стандарди се наметнува како неопходност зајакнувањето и поврзувањето на Националната рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации со цел тие да бидат јасно дефинирани и споредливи со оние во другите земји на EHEA. Во февруари 2016 година, со усвојување на *Извештајот за поврзување на Националната рамка на квалификации и самопотврдувањето на Националнара рамка за високообразовните квалификации,* од страна на Советодавната група за Европска рамка на квалификации при Европката комисија во Брисел, Националната рамка на квалификации е поврзана со Европската рамка на квалификации и треба да се работи на нејзина одржливост со примена на европските стандарди на кои се обврзавме.

## 5. Академска слобода и автономија

Финансирањето мора да го изразува тројниот сооднос помеѓу наставата, науката и апликативната дејност. Самофинансирачките средства треба да се користат за унапредување на условите за настава и процесот на образование. Обезбедување

функционална финансиска автономија и напуштање на Трезорскиот систем во делот на државната контрола, а не во делот на отчетноста за тоа како се користени средствата. Обезбедување универзитетска кадровска автономија и планирање на кадровските капацитети со цел раст и унапредување на високото образование

Академската слобода и автономија треба да се огледа и во автономно креирањето на наставните содржини и методи за нивна имплементација кои се предмет на постапката на акредитација. Всушност, дозволата за можно воведување на определена нова наставна програма треба да претходи на постапката за акредитација, донесена низ процес во која се оценува општествената и економоска потреба од нова наставна програма и се испитуваат финансиските импликации на државата за нејзино воведување, како и можноста за вработливост на дипломираните студенти.

Со цел постоење на одржлив и ефективен систем на финансирање неопходно е да се прифатат решенија кои ќе овозможат напуштање на ригидноста на Трезорскиот систем во однос на средствата остварени од самофинансирачки активности, поголема флексибилност на Министерството за финансии при усвојување на предложените финансиски планови во однос на сметките надвор од основниот буџет, како и флексибилност со цел имплементација на меѓународни проекти, но и на стратешки документи, како на пример, на Стратегијата за паметна специјализација, при што наместо да се стимулираат колаборативните проекти, се оневозможува отворање сметки за работа на проектите.

## 6. Унапредување на правната рамка

Потребна е анализа која ќе овозможи согледување на предностите од донесување еден закон во кој ќе бидат обединети високото образование и научно-истражувачката дејност, коишто се надополнуваат.

Во однос на потребата за измени на Законот за високото образование, таа е веќе апсолвирана во рамките н академската заедница, при што треба посебно да се обрне внимание на концептуалниот пристап и одредбите во однос на зајакнување на универзитетскта финансиска и кадровска автономија, овозможување мобилност на кадарот со насловни наставно-научни звања во рамките на државата, пропишување на квалитативни критериуми за унапредувањето на академскиот кадар, пропишување услови за акредитација на странски високообразовани установи и намалување на влијанието на извршната власт во сферата на високото образование, пропишување услови за акредитирање на приватни високообразовани установи со цел одбегнување на нелојалната конкуренција итн.

Потребно е дополнување на надлежностите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност со цел пропишување посебна служба за потребите на Националниот совет како и донесување Правилник за унапредување на академскиот кадар со кој ќе се квантифицираат критериумите што би биле пропишани во ЗВО.

За унапредување на правната рамка внимание заслужува заложбата за донесување посебен *закон за квалитетот во високото образование и научно истражувачката дејност*, наместо Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија, Сл. Весник на РМ, 67/2013).

## 7. Обединување на академскиот простор

Академскиот простор во Македонија е експандиран до ирационални, бесмислни граници и не може да издржи понатамошно проширување. Оваа експанзија досега беше користена само за политичко поткусурување и за коруптивно профитирање на голем број академски институции кои раздаваат привидни академски вредности. Оттука, потребно е консолидирање и интеграција на академскиот простор, интегрирање на академскиот простор во рамките на европскиот простор, нивелирање на огромните разлики во академското ниво на различни институции, олеснување на проток на студенти, академски кадар, информации и знаење, проектна соработка, стимулација на интердисциплинарност итн.

## 8. Меѓународна соработка, мобилност и афирмација на меѓународен план

Меѓународната соработка е од суштествена важност за подигањето на квалитетот на високото образование и треба да стои високо на агендата на активности на академските институции, и високо да се вреднува во сите подзаконски акти за евалуација и унапредување. Основната цел е преку меѓународна соработка да се подигне општото ниво на академска свест и да се следат трендови во глобалната академска заедница.

Вториот суштествен аспект на меѓународната соработка е афирмација на земјата на меѓународен план, што може да се оствари преку академски активности, при што највисоко на скалата на вреднување треба да биде научната и уметничка публицистика

во странство, што е од суштествено национално значење за малото македонско општество кое сè уште се бори за своја меѓународна препознатливост и за докажување на својата самобитност. Воедно, потребно е парадигматско менување на колективната академска свест за значењето на меѓународната публицистика во подрачјата кои се од национален интерес (јазик, литература, историја, археологија итн.).

Меѓународната академска препознатливост во целина е во директна корелација со тенденциите за подобрување на рангирањето на нашите универзитети на светските листи, но и стратешки приод во дефинирање и унапредување на политиките за двонасочна мобилност на академскиот кадар.

Сосема прифатливо е согледувањето дека лошата положба на македонските универзитети на меѓународните рангирања делумно се должи на нивната недоволна интеграција, бидејќи голем дел од истражувачките проекти и други активности не се водат под името на универзитетот.[69]

Со цел адресирање на наведеното се наметнува како потреба и воспоставување и соодветно институционализирање на мрежа на академска мобилност заради поголема пристапност на информации за можностите за мобилност на академскиот кадар, но и преку споделување искуства и добри практики да се придонесе за поттикнување и мотивирање на наставно-соработничкиот кадар и на студентите за користење на можностите за мобилност, како и зголемување на буџетските средства за поддршка на мобилноста на академскиот кадар.

## 8.1. Капацитет за прифаќање и процесирање на средства од меѓународни проекти и други институции (индустрија, фондации)

Академската автономија мора да вклучува и финансиска автономија и *целосно исклучување на финансиските аспекти на научната, иновациската и апликативната работа од трезорскиот систем на работа.*

Тоа се разбира не треба да значи неотчетност и нетранспарентност, при што државата треба да има целосен увид во протокот на овие средства.

Основната цел е постигање на неопходна динамика и ефикасност во изведувањето на овие суштествени дејности, како и конечно да се зголеми капацитетот за меѓународна проектна соработка, прифаќање на донации итн., што е од суштествен интерес за нашето општество кое има ограничени финансиски ресурси.

---

[69] Стратегија за човечки капитал, ст. 24.

## 9. Интернационализација на академскиот простор

Македонското општество е мултиетничко и мултијазично, а овие негови особини треба да се гледаат како компаративна предност, а не како пречка за академски развој. Академската заедница треба да има доволна мудрост и креативност која ќе ги амортизира досегашните грешни политики на фрагментација на општеството, и да покаже пример во насока на негово обединување за хуман и одржил развој на целото општество.

Интернационализацијата на академската работа (на пример, наставни програми на англиски јазик, научно-истражувачка групи во која говорен јазик е англискиот итн.) може да бидат појдовна основа. Овие мерки и политики може да ја направат земјата привлечно место за огромен дел од меѓународната заедница која има општа тенденција за миграција од исток кон запад. Во тие глобални поместувања, Македонија може да биде посакувано место за огромен број источни народи.

## 10. Апликативна дејност

Академските инстутуции треба да ги развиваат сите облици на креативна работа покрај образовната дејност (научно-истражувачка и иновациска дејност), а во тој дух и апликативната дејност и претприемачкиот дух и суштински да се прилагодат на потребите на економскиот и реален сектор во општеството. Во таа смисла, тие треба да овозможат применливост на резултатите на научно-истражувачката работа, пренос на знаења, развој на технологии, формирање на центри кои профитабилно би се занимавале со научно-истражувачка работа итн. Меѓутоа, не смее да се заборави дека основната мисија на високото образование пред сè е да придонесе за развој на општеството преку создавање човечки капитал на високостручни, креативни, слободоумни, високообразовани луѓе. Технолошкиот развој генериран од академската работа е посакувана, но, сепак, секундарна последица од научно-истражувачката работа во рамките на академската работа. Научно-истражувачката работа, чија примарна цел е технолошки развој, се одвива во специјализирани институти, развојни центри на компании итн., односно во институции што не се занимаваат со образовна дејност.

Развојот на претприемачкиот дух во академската заедница треба да им помогне на младите луѓе полесно да се снајдат во пазарното ориентирано општество, меѓутоа, не треба да се стимулира апликативна работа која ја банализира академската дејност и се заснова на некреативна рутинска работа, иако истата може да биде профитабилна на краток рок. Во поширок контекст, ваков вид апликативна дејност не е во согласност со основните постулати на кои почива академската работа.

## 11. Студентско организирање и студентски стандард

Потребно е поактивно и поефективно учество на студентите во управувањето на универзитетите, како и вклучување на УСС во креирањето политики во однос на високото образование. Еден од модусите за поголема видливост на УСС е нивно вмрежување со цел поголемо влијание и можност за делување.

Измени на ЗВО со цел формирање Национален студентски совет со цел поголема видливост на студентите и институционализирање на нивното организирање.

Осовременување и дигитализирање на постапката за аплицирање во студентските домови со воведување електронска комуникација, намалување на бирократски процедури, за сметка на поголема ефикасност, транспарентност и објективност при евалуацијата на барањата за стекнување на правото за сместување во студентски дом.

Неопходно е да се олесни пристапот до студентските легла, *но особено е важно подобрување на условите во студентските домови со цел да се овозможи престој, исхрана, услови за учење но и за рекреација*. Воедно потребно е да се олесни и пристапот до стипендиите и зголемување на субвенционираниот студентски оброк согласно порастот на минималната плата.

Донесување на Предлог-Законот за младински стандард кој ги обединува досегашните решенија за училиштен и студентски стандард и субвенциониран студентски оброк.

*Нивелирање на висината на субвенционираниот студентски оброк согласно минималната плата во државата*, како и зголемување на износот на стипендиите според растот на трошоците за живот, зголемување на стипендиите за втор и трет цикклус и нивно навремено исплаќање.

Стимулирање на талентирани студенти и обезбедување стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати.

Навремено изработување и ажурно усвојувањето на Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард на годишно ниво.

Државата да ја забрза реконструкцијата на студентските домови, да се зголемат нивните капацитети и да се подобрат условите за учење, престој и рекреација.

Зголемување на видовите и средствата за стипендии, поголема транспарентност и објективност при доделувањето стипендии.

Потребно е да се настојува да постои целосна дигитализираност на административните процедури на универзитетите што ќе придонесе за полесен пристап, намалување на трошоци на студентите, поголема ефективност, но и транспарентност на процесите и административните процедури.

# АНЕКС 1 – ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ

| **СТРАТЕШКА ОПРЕДЕЛБА<br>1. Подигање на квалитетот на високото образование** | |
|---|---|
| **МЕРКИ** | **ЦЕЛ** |
| 1.1. Формирање на посебно Министерство за високо образование, наука и иновации | Високото образование и науката не е доволно да бидат само сектори во МОН |
| 1.2. Усвојување нова, рационална законска рамка за високо образование и наука | Обединување на суштински нераздвојните аспекти на академската работа: образование, наука, иновациски развој и апликативна дејност |
